**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 3/2002, 51/2003, 85/2003, 40/2004, 61/2005 и 129/2006) и член 2 став 1 точка 29 и член 64 став 3 од Законот за банките („Службен весник на РМ“ бр. 67/2007), Советот на Народна банка на Република Македонија донесе

# ОДЛУКА
## за измени и дополнувања на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот
## („Службен весник на РМ“ бр. 32/2008)

I. Во Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот („Службен весник на РМ“ бр.159/2007), во глава **VI.1.Активни билансни позиции** се вршат следниве измени и дополнувања:

1. Во точка 40. потточка г) која се однесува на пондерот на ризичност 100% зборот "понискиte" се заменува со зборот "другите".

2. На крајот на точка 40. се додава нов пондер на ризичност кој гласи:

"125%:

а) изложеност кон физички лица по основ на искористени пречекорувања по тековни сметки (дозволени и недозволени) и искористени кредити по кредитни картички.

Во оваа позиција се вклучуваат и сите достасани побарувања настанати врз основа на изложеноста од став 1 од оваа потточка."

II. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

**О.бр. 02-15/1/2008**
**03 март 2008 година**
**Скопје**

**м-р Петар Гошев**
**гувернер и**
**претседател**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**